Ѓурѓевка ДОНЕВСКА—ТРЕНЧЕВСКА

# АВНОЈСКИТЕ И АСНОМСКИТЕ ФАКЛИ НА СЛОБОДАТА ИМААТ ЕПОХАЛНО ЗНАЧЕЊЕ ВО НАШАТА СОВРЕМЕНА ИСТОРИЈА

**— Интервју со проф. д-р Христо Андонов—Полјански за програмата на Радио Скопје (РТС), емитувано на 29. XI. 1983 год.**

*ПРАШАЊЕ: Другар Полјански, вие сте прв добитник од Македонија на највисокото Југословенско признание, наградата АВНОЈ од областа на историографската наука, што, инаку, бележи постојан подем. Честитајќи ви ја наградата нè интересира како ја примивте и што претставува таа за вас?*

ОДГОВОР: Особено сум почестен со ова највисоко југословенско признание, наградата АВНОЈ. Исто така искрено сум почестен што се доделува во време на јубилејот — 40 год. од создавањето на нова Титова Социјалистичка Југославија. АВНОЈ и порано и денес предизвикува посебно внимание на историографијата бидејќи исполни нови страници во историјата на југословенските народи и народности. АВНОЈ претставува епохално достигнување на Титовата социјалистичка епоха. За нас Македонците АВНОЈ има посебно достоинствено, гордо значење бидејќи правно се реализираа вековните стремежи на македонскиот народ со создавањето своја сопствена национална држава. Преку АВНОЈ дојдоа до израз и револуционерните Илинденски традиции. Преку АВНОЈ, а потоа преку АСНОМ, македонскиот народ ја создаде својата сопствена национална држава во рамките на братската југословенска заедница на народите и народностите. Авнојските и Асномските факли на слободата претставуваат светла точка и имаат епохално значење во нашата современа историја.

*ПРАШАЊЕ: Вашиот мошне богат научен опус длабоко нурнат во највиталните и најдраматичните настани во историјата на македонскиот народ од XIX и XX век, разгледувајќи ги кораните, развојот и творечкиот подем на големата Гоцева идеја и акција за слобода и независност на македонскиот народ, со посебен акцент на нејзината афирмација на меѓународната сцена, — даде висок прилог и во научната обработка на заемните односи на македонскиот народ со другите југословенски народи, со некои соседи, како и со други народи во светот. Што Ве мотивира уште од студентските денови со посебен творечки афинитет да го проучувате националноослободителното движење на македонскиот народ и неговите врски со надворешниот свет, на што и денес работите?*

ОДГОВОР: Благодарен беше тој порив еден историограф да се посвети на проучувањето на својата национална историја, пред сè затоа што Македонија наоѓајќи се во посебни услови на Балканскиот полуостров во Средна Европа а и во светот, се наметнуваше потребата да се пристапи кон уште понаучно проучување на значајните врвици во нашата национална историја. Овој порив кон најновата историја на македонскиот народ, посебно кон македонското националноослободително движење дојде спонтано, пред сè поради тоа што тој период претставува најзначајна страница од историјата на нашиот народ. Тука, пред сè, се издигнуваат неколку значајни величини што го наметнаа своето внимание во историјата на нашиот народ, тука, пред сè, е личноста на Гоце Делчев и плејадата негова храбра генерација која, навистина, сиот свој животен позив го даде во името на слободата на македонскиот народ. Сметам дека и други проблеми тогаш ме привлекуваа во проучувањето како на нашата македонска историја, така и на општата светска историја. Проучувајќи ја светската историја дојдов до некои значајни пунктови што се од посебен интерес и за нашата македонска историја. Сметав дека така ќе можат да се пронајдат допирните точки што се од значење за двигателскиот растеж на македонскиот народ во текот на XIX-иот век. Забележливо е да се заклучи дека низа значајни појдовни пунктови што се истакнуваат во светската историја, во меѓународните односи во XIX-иот век имаат свои допирни точки и со историјата на македонскиот народ во текот на овој век. Затоа и беше благородно да се пристапи кон проучување на тие компаративни појдовни точки што го зближуваа македонскиот народ и кој секогаш наоѓаше сили во себе да даде соодветен одглас на најзначајните револуционерни потфати што се преземаа на меѓународен план.

*ПРАШАЊЕ: Како асистент се определивте за нововековна историја на македонскиот народ, а по докторирањето на тема „Турција и Риека во првата половина на XIX век", се насочивте спрема општата историја на новиот век и на најновиот. Колку корелацијата, заемната поврзаност и влијанијата во светските и македонските настани придонесуваа во откривањето на суштинските историски текови и процеси во развојот на Македонската национална самобитност наспроти на појавното во историските текови и процеси (кое секогаш било извор за политички прагматизам)?*

ОДГОВОР: Мојата определба за проучување на општата историја на новиот и на најновиот век дојде сосема спонтано и, сега, кога по 30 и неколку години се навраќаме на тие убави студентски денови и на таа определба кон движечките процеси што се карактеристични, позитивни за развојот на Европа и на светот, сметам дека не беа залудни тие напори човек да се определи за проучување на богатата историја на народите на светот. При тоа сосема природно беше да се пронајдат оние корелации што се многу важни, што се многу значајни за историјата на Македонија како балкански комплекс, а посебно за историјата на Македонија во нејзиното внатрешно раздвижување. Општествено-политичките процеси и општествено-економските процеси што се карактеристични за Европа во епохата на капитализмот и на империјализмот се многу значајни за историјата на Македонија, за историјата на балканскиот простор. И сосема природно е тука да ги најдуваме тие допирни точки што се карактеристични во развојот на европската историја, а посебно во развојот на македонската историја. Во почетокот на моите истражувања посебно ме привлекуваа прашањата што се поврзани со односот на меѓународната јавност спрема Македонија. Тука правам извесно разграничување — односот на европската и светската дипломатија спрема македонското прашање — а потоа и односот на меѓународната прогресивна јавност спрема разни периоди од историјата на македонскиот народ. Можно е да се направат различни распределби, каков бил тој интерес на европската или на меѓународната јавност пред и по Берлинскиот конгрес, пред и по Илинденскиот период. За време на Илинденскиот период и по него ние наоѓаме еден зголемен интерес на европската јавност за нашите работи и тој интерес постојано расте за да добие македонското прашање посебно значење со авнојскиот период.

Кога веќе говоревме за АВНОЈ мораме да констатираме дека меѓународното признавање на Југославија како нова Титова социјалистичка држава во исто време значеше и меѓународна афирмација на Македонија, на македонскиот народ.

Зашто АВНОЈ, всушност, го конституира, достоинствено ги означи интегритетот на македонскиот народ и неговата верба дека во поставнојските настани се создадени нови можности за реализирање на вековните стремежи на македонскиот народ за создавање своја сопствена национална држава.

*ПРАШАЊЕ: Вие истражувавте во повеќе архиви во земјата и во светот. Потоа одржувавте и предавања пред студентите на другите факултети кај нас и надвор од нашата земја. Кои моменти ќе Ви останат во незаборавно сеќавање како научен работник и како педагог?*

ОДГОВОР: Имав можност да работам скоро во сите југословенски архиви, а од светските архиви главно работев во британските архиви, конкретно во Лондон, потоа во Штокхолм, Рим, Венеција, Виена и во други земји. Највозбудливо во истражувачката работа е кога ќе најдете ценет материјал што се однесува за историјата на нашиот народ, и тоа биле прекрасни моменти на полет и возвишеност и тие не биле ретки туку често се доживувале и постојано ја освежувале работната способност. Успеав скоро целосно да ја проучам нашата документација во британските архиви, а тоа е еден огромен фонд, и истражувачите сега се на потег да ги проучат тие најсуптилни прашања што се поврзани со историјата на македонскиот народ.

*ПРАШАЊЕ: Другар Полјански, Вие сте еден од основоположниците на ННСГ по историја на Филозофскиот факултет во Скопје во првата нејзина деценија. Што е она највредното што го издвојувате во научната и во наставната работа, вклучувајќи го овде и третиот степен-постдипломските студии во споредба со вашите сознанија за работата на другите факултети во земјата и во светот. Дали се користат другите искуства кај нас?*

ОДГОВОР: На Филозофскиот факултет сум веќе 30 години наставник. Карактеристично е што јас сум студент на нашиот факултет, може да се каже дека сум рожба на Титовата епоха што е мошне карактеристично за нашата средна или млада генерација македонски историчари и на Факултетот ги минав сите звања од асистент сè до редовен професор и професор хабилитант. Определбата за наставничкото звање мора да се сфати како една посебна посветеност на истражувачот кон наставата и кон науката. Тоа е една висока добродетел и кон неа наставникот треба да го покаже сиот свој усет, сета своја верба, најпрвин спрема науката; на студентите да им го покаже сето што е прогресивно, достоинствено и благородно што течело во текот на историјата — и да ги посвети спрема големите вистини што ги дава науката, посебно што ги дава марксистичкиот поглед на светот. Во овие из-

минати години посебна наклоност имав спрема проучувањето на новата и најновата општа историја, посебни предавања одржував од оваа голема проблематика, тоа е историјата на светот, од некаде на втората половина на XVI-от век па до наши дни. Овде особено се издвојуваат посебните предавања за историјата на меѓународното работничко движење со посебен акцент на местото на Југославија, на местото на Македонија во тој комплекс што се вика меѓународно работничко движење. На третиот степен на наставата веќе подолго време одржував предавања по теоријата и методологијата на историската наука. Овој предмет е мошне значаен за подготвување на нашите научни кадри и тој предмет опфаќа низа важни постулати што се поврзани со основите на научното истражување, со методологијата, со техниката на научната работа. И на овој план е потребна посебна посветеност зашто наставникот има извонредно одговорни задачи да го посвети младиот кадар спрема светлините на науката, да го научи на вештините на научната техника и на тој начин да придонесе со својот наставно-научен позив кон воспитувањето и создавањето нови научни генерации. При тоа се внесувало посебна љубов, посебна пожртвуваност, посебна внимателност спрема младите луѓе трудејќи се сето тоа да се пренесе и на нив — тие да станат навистина наши најдобри наставници, образовани личности коишто ќе се посветат со уште поголема одговорност спрема проучувањето на нашето историско минато.

*ПРАШАЊЕ: Освен научната и наставната работа Вие сте мошне ангажиран и на општествен план. Колку овие ваши задолженија се вклопуваат во вашата научна и наставна работа?*

ОДГОВОР: Знаете, тоа чини една целина. Јас сум општествено-стручно ангажиран, политички, ако може така да се рече и имам над 20 задолженија. Сега конкретно сум претседател на Факултетскиот совет, што, секако, е ново задолжение во мојата работа, но успевам на еден систематски организиран начин да им обрнам внимание на сите тие задолженија, а овде, се разбира, доаѓа и научно-истражувачката посветеност. Сето тоа е еден комплекс што е меѓусебно поврзан и е мошне значаен во мојата работа. Но тука е потребно и планирање на работата, самодисциплина, одговорност за извршување на задачите. Тоа е еден скромен придонес на мојата личност спрема сета таа дејност. Меѓутоа, секако во иднина ќе биде потребно да се вложат и други поголеми напори кон исполнувањето на работните и другите задачи. Така што и ова високо признание, наградата АВНОЈ, ме поттикнува, ми дава инспиративен порив и мотив за исполнување на уште поголеми работни задачи на полето на науката, наставата, на општествено-политичката дејност.

*ПРАШАЊЕ: Да дополниме. Вие бевте и претседател на Општествениот совет на Радиотелевизија Скопје. Какви се вашите впечатоци од оваа ваша дејност, од соработката со нашата сложена работна организација, и покрај тоа што како научен работник бевте мошне чест гостин директно или индиректно во нашите историски, документарни и информативни емисии?*

ОДГОВОР: Па, посебно ми беше драго што бев претседател на Советот на оваа наша многу позната и значајна институција и сакам да ви кажам дека стекнав и големо искуство. Тука бев мошне добро примен, имав многу добра координација со сите служби во РТС, имав и некои многу оригинални идеи што сакав да ги спроведам како претседател до колку такви можности ќе имав. Мислам дека мојот престој во РТС претставува и еден дел од мојата биографија, ако така можам да се изразам, и сметам дека тоа не беше изгубено време, туку само едно дополнение кон мојата работа, кон растежот на моите погледи и тоа придонесуваше за надополнување на некои празнини што се среќаваа во мојата наставничка и научна дејност.

*ПРАШАЊЕ: Пред нас се вашите 460 библиографски единици и 34 посебни изданија. На што работите сега?*

ОДГОВОР: Во печат е при крај е студијата Илинденското востание и меѓународната јавност. Тоа е една посебна книга на околу 600 страници. Во неа се дадени, пред сè, прилози за меѓународните аспекти на Илинденското востание и посебно односот на меѓународната јавност спрема воениот чин на Илинден. Вториот дел е избор од документите на позначајни акти на востанието и на познатите програмски цели на Илинденската револуција, а од друга страна и на поважните документи што ги издавала меѓународната јавност во врска со одгласот на Илинден во светот. Во книгата се обрнува посебно внимание и на хронологијата на односот на меѓународната јавност спрема Илинденското востание — приложена е огромна библиографија за сè што е пишувано од 1903 до 1983 за Илинден и околу Илинден. Тоа се околу 3200 единици. Студијата ќе претставува прилог кон чествувањето на 80 годишнината на Илинденското востание. Моментално подготвувам една друга книга под наслов „Митинзи за Македонија" — тоа се резолуции, петиции донесени во Велика Британија за време и по Илинденското востание; има неколку дела: англиски оригинал на резолуциите донесени во периодот од септември до декември 1903 и во 1904 год. (во В. Британија биле одржани 400 митинзи), потоа следува избор на околу 330 резолуции што се предадени во оригинал и превод, а во третиот дел се фексими-

лите на Резолуциите. Тоа е еден мошне интересен оригинален материјал и претставува голема афирмација на Македонија, на Илинденското востание, на местото на Македонија во светски размери, на македонското прашање. При крај е порано подготвуваната монографија за Мис Стон, тоа е монографија за аферата Мис Стон врз основа на истражувањата на огромен архивски материјал од американски, британски, австриски, францускi и други извори, посебно дипломатски материјал, спомени околу Мис Стон. Се обидувам да дадам едно ново расветлување на оваа афера низ призмата на овие новонајдени документи што ќе претставува нова афирмација на македонското револуционерно дело. Овде давам посебен прилог нови илустрации, околу 80 фотографии поврзани со Мис Стон и тоа ќе претставува ново расветлување на периодот пред Илинден.

*ПРАШАЊЕ: Поради специфичната карактеристика на вашите трудови кои повеќето се посветени на проблемите на македонскиот народ од меѓународен аспект се чувствува потребата тие да бидат преведени и преведувани и на странски јазици. Дали некои од нив веќе се преведени и на кои светски јазици?*

ОДГОВОР: Позначајниот дел од моите посебни изданија се преведени на странски јазици. Така синтетизираните изданија за Гоце Делчев се преведени скоро на 6 до 7 јазици. Одделни студии се преведени исто така на англиски и на руски јазик. Минатата година излезе од печат книгата „Односот на САД спрема Македонија и македонското прашање“, на англиски јазик. Пред извесно време во Белград на 7 странски јазици се појави трудот „Илинден и меѓународната јавност“, што претставува посебен прилог во мојата научна работа. Се чувствува потреба од уште поголема преводна дејност на нашата историографска литература воопшто за да можеме што повеќе да ја расветлиме нашата македонска вистина, со оглед на присутната тенденција на некои соседни историогрфии кои на сосема ненаучен дури и на вулгарен начин пристапуваат кон проучување на нашето минато. Ние сме денес сведоци дури да се оди до грубо фалсификување на личноста на Гоце Делчев, а се знае каква била таа огромна достоинствена циновска личност на Делчев во одбраната на каузата на македонскиот народ, на светлината на македонскиот народ и на неговиот пат кон слободата.

(Дешифрирано од оригиналната лента што се чува во Фонодокументацијата на РАДИО СКОПЈЕ — РТС — интервјуто е снимено на 25. XI. а е емитувано на 29. XI. 1983 година, под истиот наслов, како специјална празнична емисија по повод денот на Републиката 29. XI.).